*Информативен лист за заразни болести*

***Криптоспоридиозата е болест која се предизвикува со голтање на паразитот Cryptosporidium. Таа воглавно предизвикува пролив и грчеви во стомакот.***

# Криптоспоридиоза

## Што е криптоспоридиоза?

- Криптоспоридиозата е болест со пролив која ја предизвикува паразитот од видот *Cryptosporidium*, што ги воспалува цревата.
- Инфекции со паразитот *Cryptosporidium* се пријавени кај луѓе и кај различни видови на домашни животни, миленичиња и локални животни.
- Иако постојат неколку врсти на паразитот *Cryptosporidium*, се верува дека само паразитите *Cryptosporidium parvum* и *Cryptosporidium hominis* предизвикуваат инфекции кај луѓе.

## Кои се симптомите?

- Најчестите симптоми на криптоспоридиоза се воденикав пролив и грчеви во стомакот. Другите симптоми може да вклучуваат треска, гадење, повраќање и губење на апетитот. Некои заразени лица немаат никакви симптоми.
- Првите знаци на болеста се јавуваат од 1 до 12 дена (во просек 7 дена) откако лицето ќе се зарази.
- Симптомите може да се појавуваат и исчезнуваат и тие може да се присутни со денови или недели. Лицата со ослабен имунитет може да имаат посериозни симптоми што може да бидат присутни со месеци.

## Како се пренесува болеста?

Паразитот *Cryptosporidium* се наоѓа во изметот на заразените лица и животни. Тој најчесто се пренесува преку:

- лични контакти, посебно во семејствата и меѓу малите деца (на пример, во центри за дневен престој на деца)
- пиење на загадена вода
- пливање во загадени базени

- ракување со заразени животни или шталско ѓубре
- храна (во ретки случаи).

Лицето е најповеќе заразно кога тој/таа има пролив, меѓутоа паразитот може да се исфрла неколку дена откако ќе исчезнат симптомите.

## Кој е изложен на опасност?

Во лицата за кои постои најголема веројатност да се заразат со паразитот *Cryptosporidium* се вклучуваат:

- лица кои се во близок контакт со лица што имаат криптоспоридиоза
- деца кои посетуваат центар за дневен престој, вклучувајќи деца во пелени
- родители на заразени деца
- негуватели во центри за дневен престој на деца
- пливачи кои голтнуваат дури само мали количини на вода во базените за пливање
- лица кои пијат непречистена вода (на пример, од реки или езера)
- лица кои патуваат во земји во развој
- лица кои работат со животни
- мажи кои имаат полови односи со мажи

Лицата со ослабен имунитет се изложени на ризик да заболат од посериозна болест и ако им се појават симптоми, тие треба да одат кај нивниот доктор.

## Како се спречува болеста?

За да избегнете да заболите од криптосоридиоза:

- 10 секунди темелно мијте ги рацете со сапун и вода после користење на клозетот, ракување со животни или шталско ѓубре, менување пелени, работење во градината и пред приготвување на храна и пијалоци
- НЕ пијте непречистена вода (на пример, од езера или извори). Превриената вода ги убива паразитите *Cryptosporidium*
- избегнувајте да голтате вода кога пливате
- избегнувајте пливање во природни води (на пример, реки, извори, вештачки езера, бранови) во период од една недела после силни дождови

Кога патувате во земји во развој, избегнувајте храна или пијалоци што може да бидат загадени (на пример, сиров зеленчук, вода од чешма или мраз направен од вода од чешма).

За да се избегне ширењето на криптоспоридиозата, заболените лица треба:

- да не пливаат најмалку две недели откако ќе престанат да имаат пролив

- да не користат крпи за бришење или постелнина заедно со други лица најмалку две недели откако ќе престанат да имаат пролив
- да не ракуваат со храна најмалку 48 часа откако ќе престанат да имаат пролив.

Малите деца со пролив треба да останат дома и да не одат на училиште, во установа за деца на претшколска возраст, центар за дневен престој на деца или игротека додека не поминат 24 часа откако сосема престанале да имаат пролив.

## Како се поставува дијагноза?

Криптоспоридиозата ја потврдува доктор откако ќе направи проверка на примерок од изметот.

## Како се лекува болеста?

Не постои одредено лекување за криптоспоридиозата. Пијте многу течности за да избегнете да се дехидрирате.

## Како реагира здравството?

Според *Законот за здравство од 1991*, лабораториите се обврзани да ги пријават случаите на криптоспоридиоза во локалната државна служба за здравство. Државните служби за здравство ги испитуваат случаите и ги прегледуваат можните извори на зараза за да го спречат понатамошното ширење на болеста.

**Понатамошни информации – Државни служби за здравство во Нов Јужен Велс**



**1300 066 055**

www.health.nsw.gov.au